Согласно член 77 став (5) од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 56/2009), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**ПРАВИЛНИК
ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА КАТАСТАРОТ НА ШУМИ И ШУМСКО ЗЕМЈИШТЕ**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на катастарот на шуми и шумско земјиште

**Член 2**

Катастарот на шуми и шумско земјиште (во натамошниот текст: Катастар) е во форма на книга со тврди корици со А4 формат во зелена боја која ги содржи евиденциски листови кои се меѓусебно поврзани и нумерирани.

**Член 3**

На предната страна на корицата од книгата од член 2 од овој правилник во горниот дел се наоѓа грбот на Република Македонија, а под него во средина со златни букви се испишани зборовите „Република Македонија„, „Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство" и „Катастар на шуми и шумско земјиште"

Евиденцискиот лист содржи:

- корисник/сопственик,
- оддел/издвоен шумски комплекс,
- број на катастарска општина,
- број на катастарски план,
- број на катастарска парцела,
- катастарска култура,
- шумско стопанска единица и
- површина

Формата и содржината на евиденцискиот лист е даден на образец кој е составен дел на овој правилник

**Член 4**

Катастарот се води во електронска форма

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. _______
_______година
Скопје

**Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Љупчо Димовски**

ОБРАЗЕЦ

| Корисник/Сопственик | Оддел/Издвоен шумски комплекс | КО | Број на катастарски план | Број на Катарска парцела | Катастарска култура | Шумско стопанска единица | Површина ха | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | ха | ар | м$^2$ |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |